Government of Western Australia
North Metropolitan Health Service
Women and Newborn Health Service

# Алатка за проценка на семејно и домашно насилство

## Информации за пациенти (in Macedonian)

Во Австралија секој има право да се чувствува безбедно. Жените во Австралија ги имаат истите права како и мажите. Противзаконски е да се повредува или да се врши насилство врз партнерот/партнерката, сопругата или член на семејството. Доколку поради некого се чувствувате небезбедно или ако некој ве повредува, ние можеме да ви помогнеме. Ако имате деца, можеме да ви помогнеме да ги заштитите вашите деца.

Ве молиме прочитајте ги следните прашања и одговорете со „да“ или „не“ така што ќе покажете на одговорот. Доколку сакате, можеме да организираме и толкувач по телефон за да разговараме подетално.

| Прашања | Да | Не |
|---|---|---|
| Дали некогаш се чувствувате исплашени од некого во вашиот дом, поранешен/на партнер/ка или член на семејството? | ☐ | ☐ |
| Дали некој од вашето семејство, домаќинство или од претходна врска некогаш ве повредил или ви се заканил дека ќе ве повреди? | ☐ | ☐ |
| Дали сте загрижени за:<br>• вашата безбедност<br>• безбедноста на вашите деца*<br>• безбедноста на друг член на вашето семејство или домаќинство | ☐ | ☐ |
| Ако одговорот е „да“, дали сакате помош околу ова веднаш? | ☐ | ☐ |

**Ако одговоривте „да“ на кое било од овие прашања, тимот што се грижи за вас може да ви постави дополнителни прашања во врска со вашата безбедност и да ве упати до други служби/услуги што можат да ви помогнат.**



**Women and Newborn Health Service**
King Edward Memorial Hospital
374 Bagot Road, Subiaco WA 6008
(08) 6458 2222
kemh.health.wa.gov.au

По барање, овој документ може да биде достапен и во други формати.

© North Metropolitan Health Service 2026

WNHS_7676_0426_TBR-0429